ALCATEL onetouch Pixi3 (4.5)

4027X

4027D

# Кратко упатство за употреба

За повеќе информации како да го користите вашиот мобилен телефон, посетете ја интернет страницата www.alcatelonetouch.com и погледнете во често поставувани прашања, ажурирање на софтвер итн.

SAR

www.sar-tick.com

Овој производ ги исполнува важечките национални SAR граници на 2.0 W/kg. Специфичните максимални SAR вредности може да се најдат на страница 32 од ова упатство.

При носење на производот или при негова употреба близу до вашето тело, употребувајте дозволена опрема како футрола или држете го на оддалеченост од 10 мм од телото за да се обезбеди усогласеност со барањата за изложеност на RF. Производот може се однесува како преносител дури и кога не се воспоставува телефонски повик.

**ЗАШТИТЕТЕ ГО ВАШИОТ СЛУХ**

За спречување на можно оштетување на слухот, не слушајте премногу гласна музика во подолг временски период. Бидете претпазливи кога го држите вашиот уред до увото кога го користите звучникот.

ALCATEL onetouch.

Македонски - CJB2890ALBEA



# 1 Вашиот мобилен ..................

## 1.1 Копчиња и конектори






## Копче за мени

- **Мени со опции**. Допрете за пристап до **Уредување на почетниот екран, Додај мини-апликации, Уредување на апликации, Позадина** и **Подесување**.
- Неодамнешни апликации. Допрете и задржете за да ја отворите листата со мали сликички на неодамнешните апликации. Допрете го за да отворите апликација. Повлечете ја лево или десно за отстранување на сликичката од листата.

## Копче за почетен екран

- Од која било апликација или екран, допрете за да се вратите на почетниот екран.

## Копче за назад

- Допрете го за да се вратите на претходниот екран, или да затворите поле со дијалог, мени за опции, панел за известување, итн.



## Копче за вклучување/исклучување

- Притисни: Заклучи го екранот/Активирај го екранот.
- Притисни и задржи: Се прикажува менито за да изберете повеќе опции, како на пример **Исклучување/Рестартирање/Авионски режим** или икони за **Режим на звонење**.
- Притиснете за да го исклучите звукот на ѕвонење при дојдовен повик.
- Притиснете и задржете повеќе од 10 секунди за рестартирање на телефонот кога системот е запрен.
- Притиснете и задржете го копчето за **Вкл./Искл**. и копчето за **Намалување на звукот** за сликање.
- Притиснете и задржете го копчето за **Вкл./Искл.** и копчето за **Зголемување на звукот** за да го вратите фабричкото подесување.

## Копче за јачина на звук

- Во режимот повици, прилагодете ја јачината на звукот на звучникот или на слушалките.
- Во режимот Музика/Видео/Стриминг, прилагодете ја јачината на звук на медијата.
- Во општиот режим, прилагодете ја јачината на тонот.
- Исклучете го звукот на дојдовниот повик.
- Во режимот на камера, можете да го користите за фотографирање.

## 1.2 Започнување

### 1.2.1 Местење

**Отстранување или инсталирање на задниот капак**



**Вметнување или отстранување на SIM картичката**

Мора да внесете SIM картичка да за воспоставите повик. Исклучете го телефонот, отстранете ја батеријата пред да ја внесете или отстраните SIM картичката.

4027X



4027D



Наместете ја SIM картичката со чипот завртен надолу и турнете ја во нејзиното лежиште. Проверете дали е правилно вметната. За да ја отстраните картичката, притиснете ја и лизгајте ја надвор.

За двоен SIM модел, двете SIM1 и SIM2 картички поддржуваат 2G и 3G мрежа. Ако двете SIM картички се 3G, само една картичка може да поддржува 3G мрежа[1]. Вашиот телефон поддржува само mini-SIM картичка. Не обидувајте се да внесете други типови на SIM картички како micro или nano, бидејќи можат да го оштетат телефонот.

[1] Само за 4027D.



**Инсталирање или отстранување на батерија**

Исклучете го телефонот пред да ја отстраните батеријата.



- Внесете и наместете ја батеријата, а потоа затворете го капакот.
- Отворете го капакот, а потоа отстранете ја батеријата.

**Инсталирање или отстранување на microSD картичка**



За инсталирање, отворете ја заклучената microSD картичка, потоа внесете ја microSD картичката со златните контакти свртени надолу. За отсранување на надворешната microSD картичка, отворете ја заклучената microSD картичка и извадете ја од слотот.

**Полнење на батерија**



Поврзете го полначот на батеријата со телефонот и електричниот приклучок.

Полето за означување на полнењето нема да се појави доколку батеријата е целосно испразнета. За да се намали потрошувачката на енергија и енергетскиот отпад, кога батеријата е целосно наполнета, исклучете го полначот од приклучокот, исклучете Wi-Fi, GPS, Bluetooth или апликациите во позадина кога не ги користите, намалете го времето на светлото во позадина, итн.

### 1.2.2 Вклучување на вашиот телефон

Држете го притиснато копчето за **Вклучување/Исклучување** додека да се вклучи телефонот. Потребни се неколку секунди за да се вклучи екранот.

**Подесување на телефонот за прв пат**

Откако ќе го вклучите телефонот за прв пат, потребно е да подесите низа функции на телефонот: јазик, метод на внесување, Google корисничка сметка, итн.

Ако го вклучите телефонот без вметната SIM картичка, можете да се поврзете на Wi-Fi мрежа, да се најавите на Google корисничката сметка и да користите некои функции.

За двоен SIM режим, можете да изберете SIM картичка или изберете **Секогаш прашај** за гласовен повик, порака, итн [(1)].

### 1.2.3 Исклучување на вашиот телефон

Држете го притиснато копчето за **Вклучување/Исклучување** се додека не се појават опциите на телефонот, изберете **Исклучи**.

## 1.3 Почетен екран

Можете да ги внесете сите омилени ставки (апликации, кратенки, папки и додатоци) или ставките кои најчесто ги користите на вашиот почетен екран за да пристапите брзо кон истите. Притиснете го копчето **Почетен екран** за префрлање на почетниот екран.

**Статусна лента**
- Статус/Индикатори за известување
- Допрете и повлечете надолу за да го отворите панел за известување.




**Лента за пребарување**
- Допрете ❶ за внес на текст за пребарување.
- Допрете ❷ за пристап до говорно пребарување.

Додај локација за преглед на локалното време.

**Омилени апликации**
- Допрете за да внесете апликација.
- Допрете и задржете да ја преместите или замените апликацијата.

**Копче за апликации**
- Допрете за отворање на основното мени.

(1) Само за 4027D.



Почетниот екран е даден во проширен формат кој ви овозможува поголем простор за додавање на апликации, кратенки итн. Лизгајте го почетниот екран хоризонтално налево и надесно за целосен преглед на почетниот екран. Белата кратка линија во долниот ред на екранот го прикажува кој екран го гледате.

### 1.3.1 Користење на екранот со допир

**Допрете** 

За пристап до апликацијата, допрете ја апликацијата со прстот.

**Допрете и задржете** 

Допри и задржи го почетниот екран за пристап до достапните опции за подесување на почетните екрани.

**Повлечи** 

Ставете го прстот на која било ставка и повлечете ја во друга локација.

**Лизгај и повлечи** 

Повлечете ги, по ваша желба нагоре или надолу апликациите, сликите, веб-страниците… по ваша желба.

**Флик-брзо повлекување** 

Брзо движење на предметите.

**Намали/Зголеми** 

Поставете ги прстите од едната рака на површината на екранот и повлечете ги прстите еден кон друг за зголемување на екранот или пак оддалечете ги за намалување.

**Ротирај** 

Автоматски се менува ориентацијата на екранот од портрет во пејсаж со вртење на телефонот странично, за подобар преглед.

### 1.3.2 Статусна лента

Од статусната лента можете да ги видите статусот на телефонот (на десна страна) и информацијата за известување (на лева страна).

## Статусни икони

За двоен SIM модел, статусните икони се однесуваат на SIM1 или на SIM2, а се разликуваат од одредената боја. (1)

| | | | |
|---|---|---|---|
| | GPRS поврзан | | Роаминг |
| | GPRS во употреба | | Нема SIM картичка |
| | EDGE поврзан | | Вибрации |
| | EDGE во употреба | | Ѕвоното е исклучено |
| | 3G поврзан | | Микрофонот е исклучен |
| | 3G во употреба | | Батеријата е многу слаба |
| | HSPA (3G+) поврзан | | Батеријата е слаба |
| | HSPA (3G+) во употреба | | Батеријата е делумно потрошена |
| | Поврзано со Wi-Fi мрежа | | Батеријата е полна |
| | Bluetooth-от е вклучен | | Батеријата се полни |
| | Авионски режим | | Поврзани слушалки |
| | Алармот е вклучен | | Нема сигнал |
| | GPS е вклучен | | Јачина на сигнал |

(1) Одредете ја бојата преку **Подесувања\SIM уредување\SIM ИНФОРМАЦИИ\Постави боја на позадина**. Само за 4027D.



## Икони за известување

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Нова текст или мултимедијална порака | | Пропуштен повик |
| | Проблем со испорака на SMS или MMS | | Повик на чекање |
| | Нова Hangouts порака | | Вклучено пренасочување на повик |
| | Нова говорна пошта | | Префрлање на податоци |
| | Дојдовен настан | | Презамање на податоци |
| | Синхронизирање на податоци | | Завршено е презамањето на податоци |
| | Неуспешна снимка на екранот | | Избери режим на внес |
| | USB Поврзувањето е вклучено | | Достапна е отворена Wi-Fi мрежа |
| | Преносливиот Wi-Fi хотспот е вклучен | | Телефонот е поврзан преку USB кабел |
| | Сликата е успешно направена | | Вклучено радио |
| | Ограничувањето на кориснички податоци е над дозволеното | | Достапно е ажурирање на системот |
| | Повик во тек | | Поврзано со VPN |

**Панел за известување**

Допрете и повлечете ја надолу статусната лента за да го отворите панелот за известување. Допрете и повлечете нагоре за затворање на истиот. Од панелот за известување, можете да отворите некои ставки и други потсетници кои се прикажани од иконите за известување или да видите информација за безжична услуга.




Допри за пристап до лентата за **Брзо подесување**.

Допрете едно известување и повлечете го странично за да го избришете.

Допрете ја иконата за да ги избришете сите известувања на настани (активните известувања ќе останат.

Допрете а потоа иконата за Подесување за пристап до **Подесувања**.




Лента за брзо подесување

- Допрете ги иконите за да ги вклучите/ исклучите функциите или да ги смените режимите.

## 1.3.3 Лента за пребарување

Телефонот има функција за пребарување што може да се користи за лоцирање на информации во апликациите, во телефонот или на интернет.

## 1.3.4 Заклучете/Отклучете го екранот

Заради заштита на вашиот телефон и вашата приватност, можете да го заклучите телефонот преку креирање на низа начини, PIN код или лозинка, итн.



## 1.3.5 Персонализирајте го вашиот Почетен екран

**Додај**

Допрете го апликациското копче , допрете и задржете ја апликацијата, и повлечете ја ставката во кој било екран, според вашата желба.

**Репозиционирање**

Допрете и задржете ја ставката за да го активирате режимот Премести, повлечете ја ставката до саканата позиција, а потоа ослободете ја. Можете да ја преместите на почетниот екран или во екранот Омилени. Држете ја иконата на левиот или десниот агол од екранот за да го повлечете објектот на друга страна од почетниот екран.

**Отстрани**

Допрете и задржете ја ставката што сакате да ја отстраните, за да го активирате режимот Премести, повлечете ја ставката нагоре кон иконата **Отстрани**, и кога ќе се вклучи црвено, ослободете ја.

**Креирај папки**

За подобра организација на ставките (додатоци или апликации) на почениот екран и во Омилени, можете да ги додадете во папка преку ставање на една папка врз друга. За да го смените името на папката, отворете ја, допрете го името и внесете го новото име.

**Прилагодување на позадина**

Допрете го копчето **Мени** и изберете **Позадина**. Ќе се појави известување за **Избор на позадина од**, и ќе ви понуди низа опции. Повлечете налево или надесно за избора на сликата, допрете **Постави позадина** за потврда. Или следете ги овие чекори: **Подесувања/Екран/Позадина**.

## 1.3.6 Апликациско копче

Допрете од почетниот екран, за влез во листата со апликации.

За да се вратите на почетниот екран, притиснете го копчето за **Почетен екран**.

**Преглед на неодамна употребени апликации**

За консултирање на неодамна употребените апликации, можете да притиснете врз копчето **Мени**. Допрете икона во прозорецот за да отворите апликација. Допрете икона и поместете ја странично за да ја избришете.




### 1.3.7 Подесување на јачина на звук

Можете да ја поставите јачината на звук на мелодиите, медиа или телефонски рингтонови по ваша желба со притискање на копчето **Јачина на звук горе\долу** или да притиснете **Подесувања\Звук**.

## 1.4 Листа со апликации и додатоци

Листата со апликации содржи предефинирани и ново-инсталирани апликации и додатоци.

За пристап до листата со апликации, допрете ⠿ од почетниот екран. За враќање на почетниот екран, притиснете го копчето за **Почетен екран** или копчето **Назад**.

Ако притиснете и задржите празен простор на почетниот екран, можете да се префрлите на режимот за интерфејс на додатоци.

# 2 Внесување на текст ..............

## 2.1 Користење на виртуелна тастатура

**Подесување на виртуелната тастатура**

Кога ќе го притиснете апликациското копче од почетниот екран, и изберете **Подесувања\Јазик и тастатура**, допрете ја иконата за подесување ⚙ десно од **Андроид тастатурата** и ќе се појават низа подесувања.

**Подесување на ориентацијата на виртуелната тастатура**

Свртете го телефонот странично или исправете го за да ја поставите ориентацијата на виртуелната тастатура. Можете исто така да ја поставите преку дополнителни подесувања **Подесувања\Екран\Ориентација**.



### 2.1.1 Android тастатура




Допрете за внесување на текст или броеви.

Допрете за замена на режимот: "abc/Abc". Допрете и задржете за замена на режимот: "abc/ ABC".

Допрете за внесувње на симболи/емотикони.

Допрете и задржете за прикажување на опции за внес; кога е вклучен Wi-Fi или податочна врска, допрете за влез во говорно внесување.

Долго притиснете за да изберете симболи или нумеричка тастатура.

### 2.1.2 SwiftKey тастатура




Пребарувајте низ буквите за внес на истите

Допрете за бришење на погрешните знаци

Допрете за да внесете празно место или да го завршите зборот или да внесете предвиден збор

Допрете и задржете за говорен внес

Допрете за внес на **броеви** и симболи, итн.

## 2.2 Измена на текст

Можете да го измените текстот што го внесовте.

- Допрете и задржете или допрете двапати на текстот што сакате да го измените.
- Повлечете за да го измените означеното.
- Ќе се прикажат следните опции: **Избери сè**, **Исечи**, **Копирај** и **Залепи**.
- Допрете ја иконата за потврда.

# 3 Повици

## 3.1 Воспоставување на повик

Можете лесно да воспоставите повик со користење на **Телефон**. Допрете го апликациското копче од почетниот екран и изберете **Телефон**.




Внесете го омилениот број директно на тастатурата или изберете контакт од Сите контакти, или Листа на повици со притискање на копчињата, а потоа притиснете за да воспоставите повик.

Бројот кој го биравте можете да го меморирате во **Контакти** со притискање на или со притискање на **Додај во контакти**.

Ако сте направиле грешка, можете да ги избришете броевите со притискање на .

За крај на повикот, допрете .



## 3.2 Одговор или одбивање на повик




При дојдовен повик, допрете .

- Помесете кон десно за одговор;
- Поместете кон лево за одбивање;
- Поместете нагоре за одбивање на повикот и испраќање на предефинирана порака.

За исклучување на звукот на ѕвонење при дојдовен повик, притиснете го копчето за **Јачина на глас горе/долу**.

## 3.3 Консултирање со меморијата на повици

Можете да пристапите до меморијата за повици со притискање на копчето од екранот за бирање за преглед на историјата на повици во следните категории Пропуштени повици, Појдовни повици и Дојдовни повици.

## 3.4 Подесување за брзо бирање

Можете да пристапите кон ова ако допрете и **Брзо бирање** во екранот за брзо бирање, потоа изберете ги контактите кои за да ги распоредите на броевите 2-9 за брзо бирање. Допрете за да ги отстраните контактите од брзото бирање.

# 4 Контакти

Можете да ги видите и креирате контактите во вашиот телефон и да ги синхронизирате со вашите Gmail контакти или други апликации на интернет или во вашиот телефон.

## 4.1 Додавање на контакт

Допрете го Апликациското копче од почетниот екран, изберете **Контакти**, потоа притиснете ја иконата од листата за контакти за креирање на нов контакт.




## 4.2 Импортирање, експортирање и споделување на контакти

Од Контакти, допрете за отворање на менито со опции и допрете **Импортирај/Експортирај**, за да изберете импортирање/експортирање од/во SIM картичка, телефон, меморија на телефон, кориснички сметки, итн

За импортирање/експортирање на еден контакт од/во SIM картичка, изберете сметка и SIM картичка, изберете го контактот што сакате да го импортирате/експортирате, и допрете за да потврдите.

За импортирање/експортирање на сите контакти од/во SIM картичката, изберете сметка и SIM картичка, изберете **Избери сè**, и допрете за да потврдите.

Можете да споделите контакт или контакти со другите преку праќање на vКартичка од контактот до останатите преку Bluetooth, Gmail, итн.



Допрете го контактот кој сакате да го споделите, допрете и **Сподели** од екранот, потоа изберете ја апликацијата за изведба на оваа операција.

## 4.3 Синхронизирање на контакти во повеќе кориснички сметки

Контакти, податоци или други информации може да се синхронизираат од повеќе кориснички сметки, во зависност од апликациите инсталирани на вашиот телефон.

# 5 Пораки

Можете да креирате, измените и примате SMS и MMS пораки со овој телефон..

За пристап кон оваа функција, притиснете го Апликациското копче од почетниот екран, потоа изберете Пораки.

Сите пораки кои ќе ги примите или пратите ќе се меморираат во телефонската меморија или на SIM картичката. За да ги видите пораките меморирани во SIM картичката, допрете од екранот за пораки, потоа допрете **Подесувања\Текст пораки (SMS)\Управување со SIM пораки**.

## 5.1 Пишување на порака

Од екранот со пораки, допрете ја иконата за креирање на текст/мултимедијална порака.



**Испраќање на текстуална порака**

Внесете го мобилниот телефон на примачот во лентата **Внеси име или број** или притиснете  за да додадете примачи, допрете **Внеси текст порака** за да го внесете текстот. Потоа допрете  за да ја испратите пораката.

SMS порака со повеќе од 160 карактери ќе биде наплатена како повеќе пораки. Специфичните букви (знаци) исто така ја зголемуваат големината на SMS пораката, ова може да предизвика повеќе пораки што ќе бидат испратени до вашиот примач.

**Праќање на мултимедијална порака**

MMS пораките ви овозможуваат да праќате видео клипови, слики, фотографии, анимации, слајдови и звуци до други компатибилни мобилни телефони и адреси на е-пошти.

SMS пораката ќе биде автоматски конвертирана во MMS порака кога медиа папките (слика, видео, аудио, слајдови итн), ќе бидат прикачени или ќе се додаде адреса на е-пошта.

# 6 Е-пошта ........................

Покрај вашиот Gmail профил, можете исто така да поставите екстерен POP3 или IMAP4 имејл профили во вашиот телефон.

За пристап кон оваа функција, допрете го Апликациското копче од почетниот екран, потоа изберете **Е-пошта**.

Водичот на е-поштата ќе ве води низ чекорите како да ја подесите е-сметката.

- Внесете имејл адреса и лозинка на сметката што сакате да ја поставите.
- Притиснете **Следно**. Ако сметката што ја внесовте не е обезбедена од вашиот услужен провајдер во телефонот, ќе бидете известени да влезете во подесување на имејл сметка за да ги внесете подесувањата рачно. Или можете да пристиснете **Рачно подесување** за директно ги внесете дојдовните и појдовните подесувања на корисничката сметка на е-поштата.
- Внесете го името на сметката и името во појдовните е-пораки.
- За да додадете друг е-профил допрете  и **Подесувања**, допрете **Додај сметка** од десната страна на насловот за креирање.



**За да креирате и праќате е-пораки**

- Допрете ја иконата  од влезното сандаче.
- Внесете ја имејл адресата на примачот во полето **До**.
- Доколку е потребно допрете  и притиснете **Додај Cc/Bcc** за да внесете друг примач за оваа порака.
- Внесете наслов и содржина на пораката.
- Допрете , допрете **Додај прилог** за да прикачите прилог на примачот.
- За крај, допрете  за праќање.
- Ако не сакате да ја пратите пораката веднаш, допрете го  за меморирање во **Недовршени** или да го притиснете копчето **Назад** за да ја зачувате.

# 7 Поврзување ........................

За да се поврзете на интернет со овој телефон, можете да ги користите следните мрежи GPRS/EDGE/3G или Wi-Fi, по ваша желба.

## 7.1 Поврзување на инт

### 7.1.1 GPRS/EDGE/3G

Откако ќе ја внесете SIM картичката и ќе го вклучите телефонот, тој автоматски ќе ги конфигурира услужните мрежи: GPRS, EDGE или 3G. Ако мрежата не е поврзана, допрете ја иконата  од лентата за брзо бирање.

За да ја проверите мрежната врска што ја користите, притиснете го апликациското копче, потоа допрете **Подесување\Повеќе...... \Мобилни мрежи\Имиња на пристапни точки** или **Мрежни оператори.**

### 7.1.2 Wi-Fi

Користејќи Wi-Fi, можете да се поврзете на интернет кога вашиот телефон во безжична мрежа. Wi-Fi може да се користи дури и кога нема SIM картичка.

**За да вклучите Wi-Fi и да се поврзете со безжична мрежа**

- Допрете од лентата за брзо подесување и влезете во **Подесување**.
- Допрете покрај Wi-Fi за да вклучите/исклучите Wi-Fi.
- Допрете **Wi-Fi**, ќе се појават подетални информации на пронајдени Wi-Fi мрежи во делот на Wi-Fi мрежи.
- Допрете Wi-Fi мрежа за да поврзете. Ако мрежата што ја одбравте е заштитена, морате да внесете лозинка или други потребни информации (контактирајте го мрежниот оператор за детали). Кога сте завршиле, притиснете **Поврзи**.

## 7.2 Пребарувач......................................

Со употреба на Пребарувачот, можете да уживате преку сурфање на интернет.

За пристап кон оваа функција, допрете го Апликациското копче од почетниот екран, а потоа допрете **Пребарувач**.

**Одете на веб-страница**

Од Пребарувачот, допрете го полето URL на горната страна, внесете ја адресата од веб-страната, а потоа притиснете за да потврдите.

## 7.3 Поврзување со компјутер

Со USB кабелот, можете да трансферирате медиа папки и други папки помеѓу вашата MicroSD картичка и компјутерот

Ако користите MTP или PTP треба прво да означите **USB дебагирање**.

- Допрете **Подесување\За телефонот**, потоа допрете **Внеси број** 7 пати. Допрете **Подесување\Развој\ USB дебагирање**.

**За поврзување/исклучување на вашиот телефон со/од компјутерот:**

- Користете го USB кабелот кој го добивте со телефонот за да се поврзете со USB влезот од вашиот компјутер. Ќе добиете известување кога USB-то е вклучено.
- Ако користите масовна меморија, отворете го панелот за известување и допрете **USB поврзан**, потоа допрете **Вклучи USB меморија** да потврдите трансферирање на датотеки.
- Ако користите MTP или PTP телефонот ќе се поврзе автоматски.



За исклучување (од масовната меморија):

- Извадете ја microSD картичката од компјутерот.
- Отворете го панелот за известување и допрете **Исклучи USB меморија**.

За Windows XP или постари оперативни системи, треба да превземете и инсталирате Windows Media Player 11 на вашиот компјутер.

**За лоцирање на податоците кои сте ги трансферирале или преземале во MicroSD картичката:**

- Допрете го Апликациското копче од почетниот екран за да ја отворите листата со апликации.
- Допрете **Фајл менаџер**.

Сите податоци кои се меморирани во **Фајл менаџерот**, каде можете да ги видите медиа фајловите (видео, слики, музика и друго), да преименувате датотеките, инсталирате апликации во телефонот итн.

## 7.4 Споделување на врската за мобилни податоци на телефонот

Можете да ја споделите врската за мобилни податоци од телефонот со еден компјутер преку USB кабел (USB поврзување) или до осум уреди одеднаш со вклучување на пренослив Wi-Fi хотспот.

**За вклучување на USB поврзување или пренослив Wi-Fi хотспот**

- Допрете од лентата за брзо подесување за да влезете во **Подесувања**.
- Допрете **Повеќе... \Поврзување и пренослив хотспот.**
- Означете го полето од **USB поврзувањето** или **преносливиот Wi-Fi хотспот** за активирање на функцијата.

Овие функции можат да предизвикаат дополнителни мрежни трошоци од вашиот мрежен оператор. Дополнителните трошоци можат да бидат наплатени во роаминг. Можете да ја проверите употребата на податоци во **Подесувања/Употреба на податоци**.

# 8 Лоцирај ме преку GPS сателити...............................

За активирање на сателитскиот ресивер за глобален систем за позиционирање (GPS) на вашиот телефон:

- Допрете од лентата за брзо подесување за да влезете во **Подесувања**.
- Допрете **Локација**.
- Допрете го копчето покрај **Локација** за да го вклучите.

Отворете ја Мапи за да ја пронајдете вашата локација:




Користете го ресиверот од GPS сателитите за да ја одредите вашата локација од неколку метри ("ниво на улица"). Процесот за пристап на GPS сателитот и подесување на прецизната локација за прв пат може да потрае до 5 минути. Треба да застанете на едно место со чист поглед кон небото и да не се движите. Потоа на GPS-от му е потребно само 20-40 секунди за идентификација на вашата прецизна локација.

# 9 Резервни копии...................

Овој телефон ви овозможува да направите резервна копија на подесувањата и на други податоци на апликациите на Google Серверите, со вашиот Google профил.

Ако го замените телефонот, подесувањата и податоците кои сте направиле резервна копија ќе бидат внесени во вашиот нов телефон штом ќе се регистрирате на вашиот Google профил.

За да ја активирате оваа функција:

- Допрете од лентата за брзо бирање за да влезете во **Подесувања**.
- Допрете за да го означите полето **Резервна копија и ресетирај\Направи резервна копија.**



Со активирање на оваа функција, се добива широк спектар за подесување и податоци преку правење на резервна копија, вклучувајќи и Wi-Fi лозинки, ознаки, листа на апликации што сте ги инсталирале, зборови што сте ги додале во речникот користејќи ја тастатурата на екранот и поголем дел од подесувањата. Ако ја исклучите оваа опција, ќе запрете со правење на резервна копија на вашите подесувања и сите постоечки копии ќе бидат избришани од Google серверите.

# 10 Врати фабрички подесувања ...................

За да ја активирате оваа опција:

- Допрете од лентата за брзо подесување за да влезете во **Подесувања**.
- Допрете **Резервна копија и ресетирај\Фабричко ресетирање на податоци**
- Допрете **Ресетирање на телефонот\Избриши сè**

Ресетирањето на телефонот ќе ги избрише сите податоци од внатрешната меморија вклучувајќи ја информацијата за Google профилот, и други кориснички сметки, системски и апликациски подесувања и други преземени апликации. Со ресетирањето на телефонот нема да ги избришете ажурирањата на системскиот софтвер што го превземавте ниту вашите податоци од микро SD картичката, како што се музика или фотографиите. Ако го ресетирате телефонот на овој начин, ќе бидете прашани повторно да ги внесете информациите исто како што првпат го стартиравте Андроидот.

Ако не можете да го вклучите телефонот, има и друг начин да изведба на фабричко ресетирање со користење на хардвер копчињата. Задржете го копчето за **Зголемување на јачина на звук** и притиснете го **копчето за вклучување** се додека да се вклучи екранот.

# 11 Апликации и интерна меморија .....................

## 11.1 Апликации

Со овој телефон, имате вградени Google апликации и други апликации од трета страна.

Со вградените апликации можете:

- Да комуницирате со пријателите.

- Да размените пораки или е-пораки со пријателите.
- Да ја лоцирате вашата локација, преглед на состојбата во сообраќајот, пребарувате локации, да добиете информација за вашата дестинација.
- Преземете други апликации од Google Play Store и повеќе.

За повеќе информации околу овие апликации, проверете во упатството за употреба онлајн: www.alcatelonetouch.com.

## 11.2 Интерна меморија

Допрете **Подесување/Меморија** за преглед на интерната меморија на телефонот, користена од оперативниот систем, компонентите и апликациите (вклучувајќи ги и оние кои ги превземавте), трајните и привремените податоци.

Сите лични податоци, музика, слики, апликации и датотеки ќе бидат зачувани во интерната меморија доколку екстерната SD картичка не е внесена.

Доколку се појави порака со предупредување дека меморијата на телефонот е ограничена, потребно е да ослободите простор преку бришење на одредени апликации, превземени датотеки, итн.

# 12 Најдоброто од вашиот телефон........................

Можете да превземете бесплатно надградба на софтвер од интернет страницата (www.alcatelonetouch.com).

## 12.1 Smart Suite

Smart Suite вклучува:

- **Контакти**
  Ви овозможува правење на резервна копија од контактите така што нема потреба да се грижите доколку се изгуби, скрши, замени телефонот или ако ги промените услужните провајдери.
- **Пораки**
  Ве ослободува од постојано внесување на текст на тастатурата. Сите ваши пораки се лесно достапни и одлично организирани.
- **Календар**
  Ви овозможува да ги синхронизирате настаните бесплатно помеѓу вашиот телефон и Outlook, и да креирате и менувате нови настани од компјутер.



- **Фотографии**
  Ви овозможува лесно импортирање на фотографиите од компјуерот или телефонот и нивно организирање во различнии албуми за подобро користење.
- **Видео записи**
  Ви овозможува внесување на видео датотеки од компјутерот за нивна репродукција и нивно превземање во папката во телефонот.
- **Музика**
  Ви овозможува брзо пребарување на вашата омилена музика во компјутерот, уредување на музичката библиотека, и уживање во најлесниот дигитален џубокс на свој сопствен начин.
- **Апликации**
  Ви овозможува импортирање на превземени мобилни апликации, и инсталирање на истите во телефонот по синхронизирањето.
- **Резервна копија**
  Ви овозможува да на направите резервна копија од вашите контакти, пораки, календарот, фотографиите и апликациите, а потоа да ги импортирате резервните копии во вашиот телефон.

**Поддржани Оперативни Системи**

Windows XP/Vista/Windows 7/Windows 8.

## 12.2 Надградба

Можете да ја користите алатката Мобилна надградба или FOTA Надградба за да го ажурирате софтверот на телефонот.

### 12.2.1 Мобилна надградба

Превземете ја Mobile Upgrade од ALCATEL ONETOUCH веб-страната (www.alcatelonetouch.com) и инсталирајте ја на вашиот компјутер. Лансирајте ја алатката ажурирајте го телефонот следејќи ги чекор по чекор инструкциите(видете во упатството за користење дадено заедно со алатката). Вашиот телефон ќе го има најновиот софтвер.

Сите лични податоци ќе бидат трајно избришани ако го ако го ажурирате телефонот. Ви препорачуваме да направите резервна копија на вашите податоци со употреба на Smart Suite пред да го надградите.

### 12.2.2 FOTA Надградба

Користејќи ја алатката FOTA Надградба можете да го ажурирате софтверот на вашиот телефон.

За пристап до **Ажурирање на системот**, отворете го панелот за известување и допрете и потоа , притиснете **За телефонот\Ажурирање на системот**. Или можете директно да допрете и да пристапите до **Подесувања\За телефонот\Провери за ажурирање**. Допрете **Провери за ажурирање**, со тоа телефонот ќе го пребара најновиот софтвер. Ако сакате да го ажурирате системот, допрете го копчето **Превземи**, потоа допрете **Инсталирај** за да го завршите ажурирањето. Вашиот телефон ќе ја има најновата верзија на софтвер.

Треба да ја вклучите податочната врска за пребавување на ажуирата. Достапни се подесувања за интервали за авто-проверка и потсетници за ажурирањата откако ќе го рестартирате телефонот.

Доколку избравте автоматска проверка, кога системот ќе открие нова верзија ќе се појави иконата на статусната лента. Допрете го известувањето за директен пристап до **Ажурирање на системот**.

За време на превземањето или ажурирањето на FOTA, за да избегнете грешки при лоцирање на точните пакети за ажурирање, не менувајте ја зададената локација за меморирање.



# Безбедност и употреба ...............

Препорачуваме внимателно да го прочитате ова поглавје пред да го користите вашиот телефон. Производителот се одрекува од секаква одговорност за штета, која може да е причинета како последица од неправилна употреба или од употреба спротивна на инструкциите содржани овде.

**• БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ:**

Студиите покажуваат дека употребата на мобилен телефон при управување возило создава реален ризик, дури и кога се користат слушалките или опремата за автомобил, возачите се замолени да се воздржуваат од употреба на нивните мобилни телефони кога возилото не е паркирано.

Кога возите, не употребувајте го вашиот телефон и слушалките за да слушате музика или радио. Употребата на слушалки може да биде опасна и е забранета во некои области.

Кога е вклучен, вашиот телефон емитува електромагнетни бранови кои можат да интерферираат со електронскиот систем на возилото како што се АБС против блокирање на сопирачки или воздушни перничиња. За да бидете сигурни дека нема проблем:

- не ставајте го вашиот телефон на управувачката табла или во делот каде се наоѓа воздушното перниче,
- проверете кај продавачот на возилото или кај производителот за да се осигурате дека управувачката табла е адекватно заштитена од RF енергијата.

**• УСЛОВИ НА УПОТРЕБА:**

Ви советуваме да го исклучите телефонот од време на време за да ја зголемите неговата употреба.

Исклучете го телефонот пред да влезете во авион.

Исклучете го телефонот кога сте во здравствени установи, освен во означени области. Како и кај многу други видови на опрема сега во редовна употреба, мобилните телефони можат да интерферираат со други електрични или електронски уреди или опрема користејќи радио фрекфенција.

Исклучете го телефонот кога сте во близина на гас или запаливи течности. Строго почитувајте ги сите знаци и инструкции поставени во складиште на гориво, бензинска пумпа или хемиска постројка или во било каква потенцијално експлозивна атмосфера.

Кога телефонот е вклучен, треба да се држи најмалку 15cm од било кој медицински уред како што е пејсмејкер, слушно помагало или инсулинска пумпа, итн. Особено кога го употребувате телефонот, би требало да го држите до увото на спротивната страна од уредот.

За да избегнете влошување на слухот, одговорете на повикот пред да го ставите телефонот на вашето уво. Исто така, оддалечете ја слушалката од увото кога го користите „хендсфри“ начинот, бидејќи засилениот тон може да предизвика оштетување на слухот.

Не дозволувајте децата да користат телефон и/или да се играат со него и неговите додатоци без нивен надзор.

Кога го враќате капакот, имајте на ум дека вашиот телефон може да содржи материи кои можат да предизвикаат алергиска реакција. Секогаш грижливо ракувајте со вашиот телефон и чувајте го на чисто место на кое нема прашина.

Не дозволувајте вашиот телефон да биде изложен на лоши временски услови или услови на околината (влага, влажност, дожд, навлегување на течности, прашина, морски воздух, итн). Производителот препорачува работен температурен опсег е од -10°C до +55°C.
Читливоста на екранот може да се намали на температура над 55°C, но тоа е привремено и не е ништо сериозно.
Броевите за итни случаи можат да не бидат на дофат на сите мобилни мрежи.
Никогаш не треба да се потпирате само на вашиот телефон за повици за итни случаи.
Не отворајте го, не расклопувајте го и не обидувајте се сами да го поправите вашиот мобилен телефон.
Не испуштајте го, не фрлајте го и не виткајте го вашиот мобилен телефон.
Избегнете го боењето на телефонот.
Користете само батерии, полначи и опрема кои се препорачани од TCL Communication Ltd.и нивните партнери, компатибилни со вашиот модел на телефон. TCL Communication Ltd. и нивните партнери се откажуваат од било каква одговорност за штета причинета со употребата на други полначи или батерии.
Не заборавајте да направите резервни копии или да чувате пишани записи за сите важни информации што се зачувани во вашиот уред.
Некои луѓе може да страдаат од епилептични напади или да се онесвестат кога се изложени на трепкачки светла или кога играат видео игри. Овие напади или несвестици можат да се случат дури и ако лицето никогаш претходно немало напад или несвестица. Ако сте доживеале напади или несвестици или ако имате семејна историја на такви случувања, консултирајте се со вашиот лекар пред да играте видео игри на телефонот или пред да ја вклучите функцијата за трепкачки светла на истиот.
Родителите треба да ги надгледуваат нивните деца при употреба на видео игри или на други функции кои содржат трепкачки светла на телефонот. Сите лица треба да ја прекинат употребата и да се консултираат со лекар ако се случи било кој од следниве симптоми: грч, грчење на окото или мускулите, губење на свеста, безволни движења или дезориентација. За да ја ограничите веројатноста за вакви симптоми превземете ги следниве безбедносни мерки на претпазливост:
- Не играјте или не користете ја функцијата на трепкачки светла ако сте уморни или ви се спие.
- Секој час правете минимум 15-минутна пауза.
- Играјте во соба во која сите светла се вклучени.
- Играјте на најголемо можно растојание од екранот.
- Ако вашите дланки, зглобови или раце станат уморни или болни при играњето, запрете и одморете неколку часови пред повторно да играте.
- Ако болките во дланките, зглобовите или рацете продолжат во текот или после играњето, запрете ја играта и одете на лекар.

Кога играте игри на вашиот телефон, можете да доживеете повремена нелагодност во вашите дланки, раце, рамења, врат или други делови од вашето тело. Следете ги инструкциите за да ги избегнете проблемите како што се тендинитис, синдромот на карпален тунел или други мускулоскелетни заболувања.





**ЗАШТИТЕТЕ ГО ВАШИОТ СЛУХ**

За спречување на можно оштетување на слухот, не слушајте премногу гласна музика во подолг временски период. Бидете претпазливи кога го држите вашиот уред до увото кога го користите звучникот.

**• ПРИВАТНОСТ:**

Треба да знаете дека мора да ги почитувате важечките закони и прописи во ваша надлежност или друга надлежност(и) каде што ќе го употребувате вашиот мобилен телефон во поглед на фотографирање и снимање звуци со вашиот мобилен телефон. Согласно со таквите закони и прописи, можеби е строго забрането фотографирање и/или снимање на гласовите на други луѓе или било какви нивни лични особини и копирање и дистрибуција на снименото, бидејќи тоа може да се смета како напад на приватноста. Лична одговорност на корисникот е да добие дозвола, ако е неопходно, за да снима приватни или доверливи разговори или да фотографира друго лице; производителот, продавачот или дистрибутерот на вашиот мобилен телефон (вклучувајќи го операторот) се откажуваат до било каква одговорност која може да е причинета од неправилна употреба на мобилниот телефон.

**• БАТЕРИЈА:**

Внимавајте на следниве мерки на претпазливост за користење на батеријата:
- Не обидувајте се да ја отворите батеријата (поради ризикот од отровни испарувања и изгореници).
- Не обидувајте се да ја продупчите, не расклопувајте ја или не предизвикувајте краток спој во батеријата.
- Не горете ја и не фрлајте ја искористената батерија во отпадоци од домаќинството и не чувајте ја на температура над 60°C.

Батериите мора да бидат отстранети во согласност со локалните применливи еколошки одредби. Батеријата користете ја само за целта за која таа е наменета.
Никогаш не употребувајте оштетени батерии или оние кои не се препорачани од TCL Communication Ltd. и/или нивните партнери.



Овој симбол на вашиот телефон, батеријата и опремата значи дека овие производи мораат да бидат однесени на собиралишта на крајот до нивниот животен век:
- Градски центри за фрлање на отпад со специфични контејнери за овие предмети од опремата
- Собирни контејнери на местата на продажба.

Тие ќе бидат рециклирани, спречувајќи материите да бидат расфрлени во околината, па нивните компоненти можат повторно да се употребат.

**Во земјите на Европска унија:**

Овие собиралишта се достапни бесплатно.
Сите производи со овој знак мора да бидат однесени на овие собиралишта.

**Во земјите надвор од Европска унија:**

Предмети од опремата со овој симбол не треба да бидат фрлени во обични контејнери ако вашата јурисдикција или вашиот регион има прикладни рециклирачки и собирни установи; наместо тоа, тие треба да бидат однесени на собиралишта за нив, за да бидат рециклирани.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** ПОСТОИ РИЗИК ОД ЕКСПЛОЗИЈА АКО БАТЕРИЈАТА СЕ ЗАМЕНИ СО ПОГРЕШЕН ТИП НА БАТЕРИЈА. ФРЛЕТЕ ГИ УПОТРЕБЕНИТЕ БАТЕРИИ СПОРЕД ДАДЕНИТЕ ИНСТРУКЦИИ.

**• ПОЛНАЧИ**

Повеќето вклучени полначи ќе работат во температурниот опсег од 0˚C до 40˚C.

Полначите наменети за вашиот мобилен телефон го исполнуваат стандардот за безбедност на опремата за информациска технологија и за опремата за канцелариска употреба. Тие се, исто така, во согласност со екоризајн директивата 2009/125/EC. Поради различни применливи електрични спецификации, полнач кој сте го нарачале во една јурисдикција може да не работи во друга јурисдикција. Тие би требало да бидат користени само за оваа намена.

**• РАДИО БРАНОВИ:**

Потребен е доказ за согласност со меѓународните стандарди (ICNIRP) или со Европската директива 1999/5/EC (R&TTE) за сите модели на мобилни телефони пред тие да можат да се продаваат. Заштитата на здравјето и безбедноста за корисникот и било кое друго лице е основно барање на овие стандарди или на оваа директива.

ОВОЈ МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН Е ВО СОГЛАСНОСТ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ И ЕВРОПСКИТЕ БАРАЊА ВО ПОГЛЕД НА ИЗЛОЖЕНОСТ НА РАДИО БРАНОВИ

Вашиот мобилен телефон е радио предавател и приемник. Тој е дизајниран и произведен во согласност со праговите за изложеност на радиофрекфенција (RF) препорачани од интернационални барања. Овие граници беа одредени од независна научна организација (ICNIRP)и содржат значителен безбедносен коефициент наменет за обезбедување на безбедноста за сите, без оглед на возраста или здравствената состојба.

Стандардот за изложеност за мобилните телефони е одреден преку мерна единица позната како Специфична апсорпциона стапка или „SAR“. SAR границата за мобилни телефони е 2 вати/килограм (W/kg).

Тестовите користени за утврдување на SAR нивоата се извршени врз основа на начини на стандардна употреба со емитување на телефоните на нивното максимално ниво на енергија преку целиот опсег на фрекфенциски групи. Највисоката SAR вредност според препораките на ICNIRP за овој мобилен телефон се:

**4027X/4027D**

| **Максималната SAR вредност за овој модел и условите под кои тие се регистрирани.** | | |
|---|---|---|
| **SAR покрај глава** | UMTS 900+Wi-Fi | 0.661 W/kg |
| **SAR покрај тело** | GSM 900+Wi-Fi | 1.038 W/kg |

За време на употреба, вистинската SAR вредност на овој уред обично е многу пониско од вредностите дадени погоре. Тоа е затоа што, за системска ефикасност и минимизирање на интерференцата на мрежата, оперативната моќ на вашиот мобилен уред автоматски се намалува кога целосната моќ не е употребена при повик. Колку е пониска излезната моќ, толку е пониска SAR вредноста.

SAR тестирањата се извршени на оддалеченост од телото од 10 мм. Заради почитување на RF изложеноста при носење покрај телото, уредот треба да биде поставен најмалку на оваа оддалеченост од телото.

Ако не употребувате одобрени додатоци, треба да се осигурате дека производот што го употребувате не содржи метал и дека го позиционира телефонот на погоре наведеното растојание оддалечено од телото.

Организациите како што се Светската Здравствена Организација и Американската Администрација за Храна и Лекови препорачуваат доколку сте загрижени и сакате да ја намалите својата изложеност, тогаш употребувајте хендсфри слушалки за држење на телефонот подалеку од главата и телото за време на повик, или да го намалите времето на користење на телефонот.

За повеќе информации одете на www.alcatelonetouch.com

Дополнителни информации за електромагнетни полиња и јавното здравство се достапни на следнава страница: http://www.who.int/peh-emf.

Вашиот телефон е опремен со вградена антена. За оптимална употреба, треба да избегнувате нејзино допирање или деградирање.

Мобилните уреди нудат низа функции кои можат да се употребуваат во други позиции освен на уво. Во вакви случаи уредот ќе биде во согласност со препораките за употреба, кога се користи со слушалки или USB кабел. Ако употребувате друга дополнителна опрема, истата опрема не смее да содржи метал и треба да го оддалечи телефонот најмалку 10 мм од телото.

Бидете внимателни кога го користите уредот, некои од вашите лични податоци можат да се споделат со главниот (смартфон). Ваша одговорност е да ги заштитите личните податоци и да не ги споделувате со неовластен уред или со уреди на трети лица. Поврзете го уредот со Wi-Fi функции, само со проверени мрежи. Исто така, кога го користите уредот како хотспот (каде што е достапно), користете мрежна безбедност. Овие мерки ќе помогнат за спречување на неавторизиран пристап на вашиот уред. Вашиот уред може да ги зачува личните информации на различно место, вклучувајќи ја и SIM картичката, мемориската картичка, и вградената меморија. Не заборавајте да ги отстраните или избришете сите лични информации пред да го рециклирате, замените или да го подарите вашиот уред. Внимателно изберете ги апликациите и ажурирањата, и инсталирајте ги од доверливи извори. Некои апликации можат да влијаат врз работата на уредот/или да имаат пристап до личните информации, вклучувајќи информации за сметката, податоци за повиците, информации за локацијата и мрежните ресурси.

Имајте предвид, дека сите податоци споделени со TCL Communication Ltd. се зачувуваат во согласност со важечката законска регулатива за заштита на податоците. За овие цели TCL Communication Ltd. имплементира и одржува соодветни технички и организациски мерки за заштита на сите лични податоци, на пример против неовластена или незаконска обработка и случајно губење или уништување или пак оштетување на личните податоци, при што мерките обезбедуваат ниво на безбедност, имајќи ги во предвид

(i) техничките можности на располагање,

(ii) трошоците за спроведување на мерките,

(iii) ризиците кои се вклучени за обработката на личните податоци, како и

(iv) чувствителноста на личните податоци кои се обработуваат.

Можете да пристапите, да ги прегледате и да ги измените личните информации во секое време, како и да се најавите на вашата сметка, да го посетите вашиот профил или да не контактирате директно. Ако имате потреба од нас, за измена или бришење на личните податоци, можеме да побараме да ни обезбедите доказ за вашиот идентитет пред да ви помогнеме.



• **ЛИЦЕНЦИ**

microSD Logo логото е заштитен знак.

Bluetooth знакот и логото се во сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и секоја употреба на такви знаци од TCL Communication Ltd. и нивните партнери е под лиценца. Други заштитни знаци и трговски имиња се тие на нивните соодветни сопственици.

## ALCATEL ONETOUCH 4027X/4027D Bluetooth Declaration ID D023681

SwiftKey е регистрирана заштитна марка на TouchType Ltd.

Wi-Fi Логото е сертифициран знак на Wi-Fi Alliance

Google, Google logo, Android, Android logo, Google Search ™, Google Maps™, Gmail ™, YouTube, Google Play Store, Google Latitude ™ и Hangouts ™ се заштитни знаци на Google Inc.

Андроид роботот е репродуциран или модифициран од дело создадено и споделено од страна на Google и се користи според условите опишани во Creative Commons 3.0 Attribution License (текстот ќе се појави кога ќе допрете и задржете **Google правно** во **Подесувања\За телефонот\Правни информации**). [1]
Купивте производ кој користи софтвер со отворен код (http://opensource.org/) програми mtd, msdosfs, netfilter/iptables и initrd во објектниот код и други со отворен код програми лиценцирани од GNU General Public License and Apache License.
Ние ќе ви обезбедниме целосна копија од соодветниот извор на кодови на ваше барање во рок од три години од дистрибуцијата на производот од страна на TCL Communication Ltd. Можете да ги превземете изворните кодови од http://sourceforge.net/projects/alcatel/files/. Обезбедувањето на изворниот код е бесплатно од интернет.

[1] Не е достапно во одредени држави.

# Општи информации ......................

- **Интернет адреса**: www.alcatelonetouch.com
- **Број за директен контакт**: види на "TCL Communication Services" брошура или на нашата интернет локација.
- **Адреса**: Room 1910-12A, Tower 3, China HK City, 33 Canton Road, Tsimshatsui, Kowloon, Hong Kong
- **Патека за електронско означување**: Допрете Подесувања\Регулатива и безбедност или внесете "#07#", можете да најдете повеќе информации за етикетирање [1].

На нашата интернет локација, ќе ја најдете нашата ЧПП (Често поставувани прашања) секција. Можете и да контактирате со нас преку е-пошта за да прашате било какви прашања кои можеби ги имате.

Достапна е електронска верзија од ова упатство на англиски јазик и други јазици според нивната достапност на нашиот сервер: **www.alcatelonetouch.com**

Вашиот телефон е примопредавател GSM во четири-појасна мрежа со ( (850/900/1800/1900 MHz) или UMTS во дво-појасна мрежа (900/2100 MHz).

CE 1588

Оваа опрема е во согласност со суштинските барања и други релевантни одредби на Директивата 1999/5/EC. Целата копија до изјавата за соодветност за вашиот телефон може да се добие преку нашата веб локација: www.alcatelonetouch.com.

## Заштита од кражба [2]

Вашиот телефон е идентификуван преку IMEI(телефонски сериски број) прикажан на налепница на пакувањето и во меморијата на производот. Ви препорачуваме да го забележите бројот, прво пат кога ќе го користите вашиот телефон, внесувајќи *# 0 6 # и да го чувате на безбедно место. Може да биде побаран од полицијата или вашиот оператор ако вашиот телефон е украден. Овој број овозможува вашиот мобилен телефон да биде блокиран, спречувајќи користење од страна на трето лице, дури и со различна SIM картичка.

[1] Достапно во одредени држави.

[2] Контактирајте со вашиот мрежен оператор за да ја проверите достапноста на услугата.



## Одрекување од одговорност

Може да има одредени разлики помеѓу упатството за корисникот и употребата на телефонот, во зависност од софтверот на вашиот телефон или специфичните услуги на операторот.

TCL Communication не е законски одговорен за било какви разлики, во случај да постојат, ниту нивните потенцијални последици, одговорноста е на товар исклучиво на операторот. Овој уред може да содржи материјали, како и апликации и софтвер во извршна форма или изворен код, кои се поднесени од Трета страна за вклучување на овој уред ("Материјали од Трета Страна"). Сите материјали од Третата страна во овој уред, се дадени “такви какви што се“, без било какви гаранции, ниту експлицитни ниту имплицитни, вклучувајќи ги и имплицираните продажни гаранции, погодни за одредена цел или употреба на апликациите од трета страна, взаемно делување со останатите материјали или апликации на купувачот и без повреда на авторските права. Купувачот прифаќа дека TCL Communication Ltd. како производител на мобилни уреди, во согласност со правата на интелектуалната сопственост се придржува кон сите обврски поврзани со квалитетот. TCL Communication во ниту еден случај нема да биде одговорен за неправилноста или неисправноста на Материјалите од трета страна при работење на овој уред или во интеракција со други уреди на купувачот. TCL Communication во најголема мера дозволива со законот, се одрекува од секаква одговорност за какви било штети, барањата, тужби или акции, а особено - но не ограничувајќи се – на судските процеси, под секаква теорија на одговорност која произлегува од употреба, без оглед на начините или обидите за употреба на такви Материјали од трета страна. Покрај тоа, присутните Материјали од трета страна, кои се обезбедени бесплатно од страна на TCL Communication може да бидат подложни на наплаќање за ажурирање и надградба во иднина; TCL Communication се одрекува од било каква одговорност поврзана со ваквите дополнителни трошоци, а кои се на товар исклучиво на купувачот. Достапноста на апликациите може да варира во зависност од земјите и операторите каде што се користи уредот; Листата на можни апликации и софтвери што се нудат, во никој случај нема да се смета за обврзувачка за TCL Communication, листата ќе биде достапна само како информација на купувачот. Потоа, TCL Communication, нема да биде одговорен за недостаток на достапноста на една или повеќе апликации побарани од купувачот, бидејќи нивната достапност зависи од земјата и операторот на купувачот. TCL Communication го задржува правото во било кое време да ги додаде или отстрани Материјалите од третата страна од своите уреди без претходна најава; TCL Communication во никој случај нема да одговараат за било какви последици на купувачот, поврзани со тие отстранувања и употреба или обид за користење на таквите апликации и Матерјали од трета страна.

# Гаранција

Вашиот телефон е под гаранција против било какво отстапување од техничките спецификации во период од дванаесет (12) месеци [(1)] од датумот означен на вашата оригинална фактура, што е предмет на било кои други клаузули.
Условите на гаранцијата дефинирани во прирачникот исто така се однесуваат и на батеријата [(2)] и на додатната опрема продадена со телефонот, но за период од шест (6) месеци [(1)] од датумот на купување означен на оригиналната фактура.

Во случај на дефект на телефонот, мора веднаш да го информирате вашиот продавач и да ја покажете сметката/фактурата што сте ја добиле при купувањето на истиот.

Ако се потврди дефектот, вашиот телефон или некој дел од телефонот ќе биде соодветно или заменет или поправен. Поправените телефони и нивните делови имаат гаранција од (1) еден месец за истиот дефект. Поправката или замената може да биде изведена со ремонтирани компоненти што нудат еквивалентна функционалност.

Оваа гаранција ги покрива трошоците за деловите и работната рака, но ги исклучува сите останати трошоци.

Оваа гаранција нема да се примени за дефекти на вашиот мобилен телефон и/или додатната опрема предизвикани од (без било какво ограничување):

1) Не следење на инструкциите за употреба или инсталација, или несогласност со техничките и безбедносните стандарди применливи во географското подрачје каде се користи телефонот,

2) Поврзување или интегрирање во телефонот на било каква опрема што не е набавена или препорачана од страна наTCL Communication Ltd,

3) Модификација или поправка изведена од лица кои не се овластени од TCL Communication Ltd. или нивните партнери или вашиот вендор,

4) Модификација, прилагодување или промена на софтвер или хардвер изведена од индивидуалци кои не се овластени од TCL Communication Ltd,

5) Невреме, грмотевици, пожар, влажност, навлегување на течности или храна, хемиски производи, преземање на датотеки, удар, висок напон, корозија, оксидација…

(1) Периодот на гаранцијата може да варира во зависност од Вашата земја.

(2) Животниот век на батеријата на мобилниот телефон што може да се полни, во однос на времето на зборување, времето на мирување и вкупниот работен век, ќе зависи од условите за користење и мрежната конфигурација. Батериите се сметаат за потрошен материјал, спецификациите тврдат дека вие треба да добиете оптимални перформанси за вашиот телефон во текот на првите шест месеци по купувањето и за приближно 200 други полнења.



Вашиот телефон нема да биде поправен ако етикетите или сериските броеви (IMEI) се избришани или променети.

Не постојат изразени гаранции, било писмени или усмени, различни од оние печатените ограничени гаранции, јасни или претпоставени, од било каква природа.

Во никој случај TCL Communication Ltd. или нивните партнери нема да бидат одговорни за случајни или консеквентни оштетувања од било каква природа, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на трговска загуба, комерцијална загуба, до целосен обем тие оштетувања можат да бидат отфрлени според законот.

Некои земји/држави не дозволуваат исклучување или ограничување на случајни или консеквентни оштетувања или ограничување на времетраењето на подразбираната гаранција, така што претходните ограничувања или исклучувања може да не се однесуваат на вас.

# Проблеми и решенија

Пред да контактирате со одделението за поддршка, ви советуваме да ги следите инструкциите подолу:

- Ви советуваме целосно да ја полните ( ) батеријата за оптимално функционирање.
- Избегнувајте чување на голема количина податоци во вашиот телефон бидејќи тоа може да влијае врз работата на телефонот.
- Користете **Фабричко ресетирање на податоци** и алатката за Мобилна надградба за форматирање на телефонот (за фабричко ресетирање на кориснички податоци, задржете го копчето за **Зголемување на звукот** и истовремено притиснете го копчето за **Вклучување/исклучување**). СИТЕ лични податоци: контакти, фотографии, пораки и датотеки, превземени апликации ќе бидат трајно избришани. Строго ви препорачуваме да направите целосна резервна копија од сите податоци од телефонот и профилот преку Smart Suite пред да направите форматирање или надградба.

и извршете ги следните проверки:

**Телефонот е замрзнат не може да се вклучи**

- Кога телефонот не може да се вклучи, полнете го телефонот најмалку 20 минути за да се добие потребната енергија на телефонот, потоа обидете се да го вклучите повторно.
- Кога телефонот не работи соодветно за време на анимацијата при вклучување/исклучување и не може да се пристапи до корисничкиот интерфејс, притиснете и задржете го копчето за **Намалување на звук** за да влезете во Безбедносниот режим. Со ова ќе се отстрани секој проблем поврзан со стартирање на оперативниот систем, а настанат од надворешни апликации.
- Ако и понатаму не работи, ресетирајте го телефонот преку копчето за **Вклучување/Исклучување** и копчето за **Јачина на звук** или ажурирајте го софтверот преку алатката Мобилна надградба.

**Мојот телефон нема одговорено неколку минути**

- Рестартирајте го телефонот со притискање и задржување на копчето за **Вклучување/Исклучување**.
- Отстранете ја батеријата и повторно вратете ја, а потоа вклучете го телефонот.
- Ако телефонот и понатаму не работи, проверете го Форматот за Кориснички податоци за да го ресетирате телефонот или FOTA/Мобилна надградба за да го ажурирате софтверот.

**Мојот мобилен телефон се исклучува сам**

- Проверете дали тастатурата е заклучена кога не го користите мобилниот телефон и проверете дали не сте го исклучите случајно телефонот со притискање на неговото копче за **Вклучување/исклучување**.
- Проверете го нивото на наполнетост на батеријата.
- Ако телефонот и понатаму не работи, проверете го Форматот за Кориснички податоци за да го ресетирате телефонот или FOTA/Мобилна надградбата за да го ажурирате софтверот.

**Мојот мобилен телефон не се полни правилно**

- Проверете дали користите ALCATEL ONETOUCH батерија и полнач од пакетот.
- Проверете дали батеријата е внесена правилно и исчистете ги контаките од батеријата доколку тие се нечисти. Батеријата мора да се внесе пред да го вклучите телефонот.
- Проверете дали батеријата не е целосно испразнета; ако батеријата е целосно празна подолго време, потребно е околу 20 минути за да се прикаже индикаторот за батерија на екранот.
- Проверете дали полнењето се изведува под нормални услови (0°C +40°C).
- Кога сте во странство, проверете дали електричната струја компатибилна.

**Мојот мобилен телефон не се поврзува на мрежа или се појавува „Нема услуга“**

- Обидете се да се поврзете на друга локација.
- Проверете ја мрежната покриеност кај вашиот оператор.
- Проверете кај вашиот оператор дека вашата SIM картичка е важечка.
- Обидете се да ја изберете достапната мрежа (и) рачно.
- Обидете се да се поврзете подоцна ако мрежата е преоптоварена.

**Мојот телефон не може да се поврзе на интернет**

- Проверете го IMEI бројот (притиснете *#06#) е ист како прикажаниот на вашиот гарантен лист или кутија.
- Проверете дали услугата за пристап на интернет на вашата SIM картичка е достапна.
- Проверете ги нагодувањата во телефонот за интернет врска.
- Проверете дали сте на локација со мрежна покриеност.
- Обидете се да се конектирате подоцна или на друга локација.



**Невалидна SIM картичка**

- Проверете дали SIM картичката е внесена правилно (погледнете во Внесување или отстранување на SIM картичка).
- Проверете дали чипот на вашата SIM картичка не е оштетен или изгребан.
- Проверете дали услугата е достапна на SIM картичката.

**Не може да се остварат појдовни повици**

- Проверете дали избравте важечки број и притиснете го копчето **Повик.**
- За меѓународни повици, проверете ги кодовите на земјата и подрачјето.
- Проверете го вашиот претплатнички статус кај операторот (кредит, важечка SIM картичка, итн).
- Проверете дали вашиот мобилен телефон е поврзан на мрежа и дека мрежата не е преоптоварена или недостапна.
- Проверете дали сте исклучиле забрана на појдовните повици.
- Уверете се дека вашиот телефон не е во авионскиот режим.

**Не примам дојдовни повици**

- Проверете дали вашиот мобилен телефон е вклучен и поврзан на мрежа (проверете дали мрежата е преоптоварена или недостапна).
- Проверете го вашиот претплатнички статус кај операторот (кредит, важечка SIM картичка, итн.).
- Уверете се дека не сте ги пренасочиле дојдовните повици.
- Уверете се дека не сте забраниле некои повици.
- Уверете се дека вашиот телефон не е во авионскиот режим.

**Името на повикувачот не се покажува кога е примен повик**

- Проверете дали сте претплатник на оваа услуга кај вашиот оператор.
- Вашиот повикувач го сокрил неговиот број.

**Не можам да ги пронајдам моите контакти**

- Проверете дали SIM картичкате е скршена.
- Проверете дали SIM картичката е правилно вметната.
- Импортирајте ги сите контакти меморирани од SIM картичката во телефонот.

**Квалитетот на звукот на повиците не е оптимален**

- Можете да ја прилагодите гласноста за време на повик, со помош на копчето за **Јачина на звук**.
- Проверете ја мрежната јачина .
- Проверете дали ресиверот, конекторот или микрофонот на вашиот телефон е чист.

**Не сум во можност да ги користам опциите опишани во упатството**

- Проверете кај вашиот оператор за да се уверите дека вашата претплата ја содржи оваа услуга.
- Проверете дали оваа опција бара некоја ALCATEL ONETOUCH дополнителна опрема.

**Кога ќе изберам број од моите контакти, не можам да го повикам бројот**

- Провете дали правилно сте го снимиле бројот во вашата датотека.
- Проверете дали правилно сте го избрале префиксот на земјата кога се јавувате во друга земја.

**Не можам да додадам контакт во моите контакти**

- Проверете дали именикот на вашата SIM картичка не е полн; избришете некои фајлови или снимете ги фајловите во именикот на производот (т.е. професионални или лични именици).

**Моите повикувачи не се во можност да остават пораки во мојата говорна пошта**

- Контактирајте го вашиот мрежен оператор за да ја проверите достапноста на услугата.

**Не можам да пристапам до мојата говорна пошта**

- Проверете дали бројот на говорната пошта на вашиот оператор е правилно внесен во „Мои броеви".
- Ако мрежата е зафатена, обидете се повторно подоцна.

**Не сум во можност да пратам и примам пораки MMS**

- Проверете ја достапноста на вашата телефонска меморија бидејќи може да е полна.
- Контактирајте го вашиот мрежен оператор за да ја проверите достапноста на услугата и проверете ги MMS параметрите.
- Проверете го бројот на центарот на серверот или вашиот MMS профил кај вашиот оператор.
- Центарот на серверот може да биде заситен, обидете се повторно подоцна.

**PIN кодот е заклучен од SIM картичката**

- Контактирајте го вашиот мрежен операто за да го добиете PUK кодот (Персонален клуч за отклучување).

**Не сум во можност да се поврзам со мојот компјутер**

- Инсталирајте Smart Suite.
- Проверете дали вашиот USB драјвер е правилно инсталиран.
- Отворете го панелот за известување за да проверите дали Smart Suite Agent е активиран.
- Проверете дали сте го маркирале квадратчето за USB дебагирање.
- Проверете дали вашиот компјутер соодветствува со барањата за инсталирање на Smart Suite.
- Проверете дали го користите кабелот од кутијата.

**Не сум во можност да преземам нови датотеки**

- Проверете го слободниот простор.
- Изберете ја microSD картичката за да ги снимите датотеките кои ги презедовте.
- Проверете го вашиот претплатнички статус кај вашиот оператор.



**Телефонот не може да биде забележан од страна на други телефони преку Bluetooth**

- Проверете дали Bluetooth-от е вклучен и дека вашиот мобилен телефон е видлив за останатите корисници.
- Проверете дали двата телефони се во Bluetooth опсег.

**Како да го продолжите векот на батеријата**

- Проверете дали го почитувавте целосното време на полнење (минимум 2.5 часа).
- По делумно полнење, индикаторот за наполнетост на батеријата може да не биде прецизен. Почекајте најмалку 20 минути по отстранување на полначот за да добиете прецизна индикација.
- Вклучете го позадинското светло по потреба.
- Продолжете го автоматското времетраење за проверка на е-пошта на подолг интервал.
- Ажурирајте ги информациите за вести и времето по потреба, рачно или нагодете автоматска проверка на подолго време.
- Исклучете ги апликациите во позадина кога не ги користите подолго време.
- Исклучете го Bluetooth, Wi-Fi, или GPS кога не ги користите.

**Телефонот се загрева по долги повици, играње на игри, сурфање на интернет, или употреба на други сложени апликации.**

- Ова загревање е нормална појава поради прекумерна обработка на податоци од страна на системот за централно процесирање. Со прекинуваање на горенаведените активности телефонот ќе ја врати нормалната температура.

ALCATEL е заштитен знак на Alcatel-Lucent
и се користи под лиценца на
TCL Communication Ltd.

© Copyright 2015 TCL Communication Ltd
Сите права се задржани

TCL Communication Ltd го задржува
правото да ги промени материјалните
или техничките спецификации
без претходна најава.

Сите "Signature" мелодии вградени во овој телефон се компонирани, аранжирани и изведени од страна на NU TROPIC (Amar Kabouche).